РЕДОВНО СОБРАНИЕ НА
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА (АСК)
27 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА на Асоцијацијата на советници за развој на кариера АСК за периодот 01.07.2021 – 27.12.2021

Управен одбор на АСК во состав:

1. Славица Тасева
2. Катерина Златановска Попова
3. Ивана Дојчиновска Стојановиќ
4. Жаклина Гештаковска Алексовска
5. Мирјана Пехчевска Поп-Илиев
6. Наташа Ивановска
7. Биљана Велевска

Го поднесува следниот извештај за активностите реализирани во во периодот 01.07.-27.12.2021:

# Вовед

Во текот на втората половина на 2021 година, АСК продолжи да работи користејќи ги сите ресурси и можности за промоција и вмрежување со други организации и институции. Во овој период главен фокус беше ставен на јакнење на капацитетот на организацијата преку обуки за личен и професионален развој на членките во областа на дигитален маркетинг и социјални медиуми, коучинг со помош на методологија на Points of You, активирање на членството преку генерална промоција на кариерното советување во функција на подигнување на јавната свест. Беа спроведени низа активности, подетално опишани во подолните точки:

1. Проектни активности
2. Активности за поддршка на членките и клиентите
3. Активности на промоција и вмрежување
4. Развојно-административни работи

По прегледот на активностите даден е и извештај за активно членство и финансиски извештај од работењето на организацијата.

# Активности спроведени во периодот 01.07.2021 – 27.12.2021

## 1. Проектни активности

### 1.1 Проекти за кои беа поднесени апликации во 2021 и за кои, за жал, не добивме грант поддршка:

- **Изготвен концепт и понуда за Консултантски услуги за развој на конкретни препораки за политики и акции за подобрување на состојбата за социјално-економска интеграција на млади во социјален ризик** за потребите на проектот Зајакнување на младите преку нови можности. .
  Апликацијата е поднесена во февруари, но АСК не е избран за испорачател.
- **Развој на концепт и апликација на повик на УНДП** „National Service provider FOR PROVISION OF TRAINING AND TECHNICAL ASSISTANCE ON CAREER COUNSELING FOR EMPLOYMENT SERVICE AGENCY (ESA).
- **Развој на концепт и апликација Women4Women** за грант од Американска амбасада кој го аплициравме на 1 јуни.

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

Во фокус на овој проект се млади жени и жени кои се директно погодени од пандемијата и кои имаат потреба да изградат вештини за барање работа или да отпочнат сопствен бизнис.

- **Развој на концепт и апликација Вештини 21 за млади** за CIVICA мали грантови до 5000 евра со рок за аплицирање до 30 јуни. Проектот предвидува онлајн обуки за млади на возраст од 17 до 24 години и е фокусиран на конкретни вештини кои младите сметаат дека им се потребни. Обуките беа идентификувани од резултатите добиени од прашалникот кој го пополнија над 180 млади луѓе. За жал и овој проект не е одобрен и избран. CIVICA имаат повици за мали грантови на квартално ниво до 30 јуни 2022 год. Следната можност за аплицирање е на 31 декември 2021 год.
- **Изработка на концепт и апликација за ко-имплементатор на RECONOMY програмата**, која ја спроведува Хелветас во 12 земји од Југоисточна Европа. Програмата има за цел да поддржи жени, млади и други заедници со лимитиран пристап до можности преку зголемување на нивните шанси за вработување и само-вработување. Иако нашата програма ги помина техничките барања, избран е друг провајдер.
- **Развој на концепт и апликација КАРМА - Кариерно советување за млади за НМС - Национален младински совет** за кариерно советување на млади со рок на аплицирање до 18 ноември. Проектот предвидува онлајн обуки за млади на возраст до 29 години и е фокусиран на конкретни вештини кои младите сметаат дека им се потребни и изработка на кратко видео и дигитални едукативни брошури за вештини за вработливост и самовработување. На проектната апликација работеа Славица, Жаклина, Изабела и Василка.
  За жал и овој проект на АСК не е добиен.

1.2 **Проектот за Еразмус + "Support for adult education staff in motivating, guiding and advising adults in challenging learning situations" (MotiveAdults) не помина во македонската национална агенција и затоа партнер организацијата од Летонија го преработи и го номинираше во нивната НА во ноемврискиот термин за аплицирање.** Партнерство е со Smart Minds од Летонија и Импулси ДООЕЛ Скопје.. За потсетување, во овој проект е предвидено АСК да биде партнер организација и ќе земе активно учество во сите активности на проектот кој предвидува истражување на состојбите како прва фаза, креирање на активности и обуки како и изготвување на документ со препораки. Резултатите се очекуваат во февруари или на почеток на март 2022.

1.3 **Во ноемврискиот циклус за апликација во Ерасмус + програмата АСК аплицираше со проект од 60.000 евра во македонската национална агенција заедно со 2 партнер организации, едната од Шпанија, другата од Чешка.** Проектот се вика Mobile Apps for CV & Motivational Letter, а партнер организации се In Progress од Шпанија и Reconnect од Чешка. Резултатите се очекуваат во февруари или март 2022 год.

1.4 **Во ноемврискиот циклус за апликација во Ерасмус + програмата АСК аплицираше со проект од 30.000 евра во чешката национална агенција заедно со партнер организација од Чешка.** Проектот е наречен Digital Tools to Engage, to Empower, to Connect во партнерство со организацијата Reconnect од Чешка. Резултатите се очекуваат во февруари или март 2022 год.

## Одобрени проекти

1. **Како дел од организациите вклучени во проектот на чешката организација „Reconnect CZ“,** ние сме поканети да учествуваме со 1 учесник на настан за вмрежување и развој на проекти заедно со други 12 земји. Проектот предвидува 6 работни дена во живо во Чешка кои поради засилените мерки во земјата домаќин предизвикани од пандемијата се

одложени од јануари 2022 за јули 2022 година. Сите трошоци на нашиот претставник ќе му бидат покриени, а клучно барање на организаторите е да биде уредно вакциниран.

2. **Проект од Вишеградски Фонд со партнери од Чешка, Словачка, Полска, Унгарија, Србија, Косово и Албанија.** Реализацијата на проектот треба да започне на 01.02.2022 година. Проектот се вика **'Bridging Communities by Community Empowerment' (извадок од официјалното известување:** The goal of the Project: through human libraries to empower citizens to get engaged and to take part in decision-making processes in their communities. Project Activities: online preparatory meeting, online training on the process of creating/implementing human libraries, human libraries (physical events in each participating country: Czech Republic, Poland, Slovakia, Hungary, Serbia, North Macedonia, Albania, and Kosovo), online events to dissemination the stories of human libraries. )
3. **Добиен (освоен) грант од 1000 евра за зајакнување на капацитетите на членовите во организацијата од Граѓанскиот ресурсен центар преку учество во квиз.** Во освојувањето на наградата активно беа вклучени Славица, Василка и Катерина. Проектот беше именуван 4all@ASK и активностите беа реализирани во периодот септември – декември 2021.

## 2. Активности за поддршка на членките и клиентите

### 2.1 Виртуелна посета низ системот на кариерно водство во СР Германија во соработка со Гете Институт Македонија

Во рамки на иницираната соработка со Гете Институт, во јули се оджаа серија од 4 виртуелни работилници за системот на кариерно водство во СР Германија. Во следниот период ќе одржиме про боно активности за Гете Институт Македонија.

ГИ отпочнува еден голем регионален проект за поддршка на младинската вработливост, во која ќе бидат вклучени 11 земји од Југоисточна Европа, меѓу кои и Македонија. Овој регионален проект ќе се профилира под името STAYNet, а се базира на веќе етаблираната и многу успешна платформа во европски рамки STARTNet (https://www.start-net.org/).

АСК ќе се појави како еден од првите македонски партнери на оваа иницијатива, за што со Гете Институт ќе потпишеме меморандум за соработка.

### 2.2 4all@ASK - грант за јакнење на капацитетите на организацијата

#### 2.1.1 Обуки за дигитален маркетинг и социјални медиуми

Во периодот од септември до декември се одржаа четири онлајн работилници за дигитален маркетинг и социјални медиуми. Три работилниците ги водеше Бранко Поповски, а на четвртата Катерина и Славица споделија практики за користење на Canva и Jam Board и нивната примена во онлајн работилници.

#### 2.1.2 Употреба на методологијата Points of You во кариерното советување

На 14 септември Ирена Јакимова одржа онлајн работилница, а на 7 ноември во живо одржавме средба за споделување на практики од користење на методологијата Points of You во кариерното советување. Работилницата ја водеа Ирена Јакимова, Катерина и Славица.

### 2.3 Бесплатна работилница во соработка со Global Shapers

Кариерните советнички Катерина и Славица на 7 октомври одржаа работилница за Мотивација и кариерен развој во рамки на Летната школа за финансиска писменост во организација на Global Shapers кои пак се дел од проект на невладината КОНЕКТ.

Василка и Јулика одржаа по една бесплатна сесија за кариерно советување за најактивните учесници од серијалот на работилници.

**2.4 Учество со активности на Global Education Week**

Во рамки на Global Education Week во соработка со Клуб на млади на Црвен крст Охрид се одржаа две работилници:

На 16 ноември Марија во просториите на Клуб на млади на Црвен крст Охрид на пријатен и забавен начин ги доближи темите за кариерно советување до младите членови на клубот.

Изабела и Ана одржаа онлајн работилница Пронајди ја својата кариерна патека на 18 ноември на која дискутираа како младите полесно и поуспешно да навигирате низ нивните кариерни избори.

**2.5 Учество во серија на отворени вебинари во организација на СОС Детско село.**

На 25 ноември и 2 декември Славица и Катерина одржаа две работилници во рамки на проектот Зајакнување на младите преку нови можности на СОС Детско село:

- Магичната кутија на вештини и интереси на
- Како гледаме на работата и работното место

**2.6 Учество на обуки и конференции**

Во текот на цела 2021 година членките на АСК зедоа активно учество на голем број домашни и меѓународни обуки, семинари и онлајн работилници, конференции, семинари и вебинари.

**2.7 Активности за ченството:**

- организирана фото сесија за членките на АСК.
- организирана работилница сликање на стакло

* Огромна благодарност до Катерина за организацијата на средби за неформално дружење

## 3. Активности на промоција и вмрежување

**3.1 Воспоставени контакти и отпочнат процесот на дефинирање на содржините за Меморандум за соработка со неколку организации:**

- **Global Shapers**
- **Психеско**

**Иницијално дискутирано е за меморандуми за соработка и со:**

- АРНО
- Организација на студенти на психолологија на American College
- Организација на студенти на медицина на УКИМ
- Организација на просветни работници на Град Скопје

**3.2 Бесплатна работилница во соработка со Global Shapers**

**3.4 АСК партнер на HACA Challenge 2021**

Во рамки на HACA Challenge 2021, Изабела учествуваше на отворената работилница за кариера за девојки во вселената и науката, а Славица беше член на жирито кое одлучуваше за победниците..

**3.5 Учество на Саем на граѓански организации во организација на CIVICA и Граѓански ресурсен центар**

АСК за првпат учествуваше на Саемот на граѓански организации на 25 септември. На настанот АСК ги презентираше и промовираше своите активности и услуги. Исто така оствари и средби за потенцијални соработки и вмрежувања.

**3.6 Учество на HR Конференција**

Како дел од соработката со Македонската Асоцијација за човечки ресурси, претставнички на АСК учествуваа на конференцијата. Со поддршка на Ивана АСК доби 2 гратис влезници. Покрај Ивана учествуваа Славица, Катерина и Сандра.

**3.7 Одржани 2 работилници во рамки на Денови на образование**

- едната реализирана од Марија Коваческа со Клубот на млади од Црвен Крст Охрид во живо
- втората реализирана онлајн од Ана Темова и Изабела Христовска за Клубот на млади од Црвен Крст Охрид

**3.8 Одржани 2 отворени вебинари во организација на СОС Детско село од Катерина и Славица за зајакнување на младите на тема „ Интереси и вештини„ одржана на 25.11.2021 и „Ставови кон работата“ одржана на 02.12.2021.**

**3.9 Серија на ТВ и радио гостувања на кои кариерните советнички говорат за кариерното советување и придобивките.**

Во изминатиот период, медиумската презентација ја покрија Славица, Катерина, Жаклина, Изабела и Василка. Медиумската покриеност беше на утринската програма на Македонска Телевизија, ТВ 21 и Македонско Радио. Со координација на Жаклина, беа поставени теми кои беа споделени со новинарка од МТВ со намера да се реализира една форма на серијал посветен на кариерното советување.

Објави на поврзани текстови со кариера на Катерина на порталите www.rabotnik.mk и www.betty.mk

Подготовка на текст од Василка за порталот УМНО.

**3.10 Вклучување на кариерните советнички на АСК во база на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.**

Одржана и онлајн средба за запознавање и промоција на можностите од соработка со Национална агенција и локалната канцеларија на Еврогајденс.

**3.11 Остварена е средба со проф. Дебарлиев, раководител на ЈУНУС центарот при Економски факултет и договорени се потенцијални соработки**

**3.12 Учество во фокус група за подготовка на стратегија за млади**

* Благодарност до Марјана за остварените контакти за последните 3 активности, која неуморно дејствува како вистински АСК Амбасадор помагајќи го вмрежувањето, контактите и позиционирањето на АСК.

## 4. Активности за општествена одговорност

**4.1 Реализирани 3 про боно работилници со вработените од Инфективната клиника Скопје во декември 2021**

Во декември Катерина, Жаклина и Ивана одржаа 3 пробоно работилници за вработените од Инфективна клиника Скопје.

**4.2 Донација на пакетчиња за One Can**

На иницијатива на Славица Н. од членките се собрани средства за донација на пакетчиња за децата од еднородителски семејства на Една Може. АСК донираше 35 пакетќиња.

**4.3 Активност за општествена одговорност во соработка со МАСИТ, Првата детска амбасада МЕЃАШИ и Центарот за управување со знаење**

И оваа година со залагање на Катерина продолжи активноста која започна како иницијатива во октомври 2020, и овозможи на вкупно 55 деца до крајот на учебната година, ученици од основно и средно училиште од неколку општини од територијата на Град Скопје да добијат целосно функционална опрема за следење на онлајн настава. Компании од ИТ секторот, членки на МАСИТ како и индивидуалци донираа користени

компјутери кои преку училиштата им беа донирани на учениците од социјално загрозени семејства кои на почетокот на учебната година се изјасниле дека немаат соодветен уред за следење на настава.
Во процес на донација се 7 компјутери и повеќе од 50 кукишта на училиште како и на организацијата Донирај компјутер. Се очекува донацијата да се реализира пред празниците или на почетокот на јануари.

## 5. Развојно-административни работи

**Седници на УО**
Се воспостави практика за редовни месечни средби на УО во последниот понеделник од тековниот месец. Во извештајниот период се одржани 3 редовни месечни седници на Управниот одбор на Асоцијацијата, како и неколку неформални координативни состаноци за проектни активности.
Датуми на одржаните седници на УО: 27.09, 25.10, 06.12.

**Извршен упис на новиот претседател во ЦРСМ како и промена на потписници во банка**
Процесот целосно се комплетираше во септември. Нови потписници на сметката се Славица Тасева, Катерина и Ивана.
Управниот одбор одлучи да се отпоочне со процес на промена на Статутот за чија цел ќе биде ангажиран адвокат специјалист за невладини организации.

# ЧЛЕНСТВО

| | Име и презиме | Член на АСК |
|---|---|---|
| 1 | Емилија Јованова | 1 Почесен член |
| 2 | Ѓорѓи Кушевски | 1 Почесен член |
| 3 | Павлина Костовска-Грујоска | 1 Почесен член |
| 4 | Миле Бошков | 1 Почесен член |
| 5 | Славица Тасева | 2 Да/УО |
| 6 | Катерина Златановска - Попова | 2 Да/УО |
| 7 | Наташа Ивановска | 2 Да/УО |
| 8 | Биљана Велевска | 2 Да/УО |
| 9 | Ивана Дојчиновска - Стојановиќ | 2 Да/УО |
| 10 | Мирјана Пехчвска Поп-Илиев | 2 Да/УО |
| 11 | Жаклина Гештаковска Алексовска | 2 Да/УО |
| 12 | Гордана Стефковска - Вељановска | Да |
| 13 | Марија Коваческа | Да |
| 14 | Лидија Дамческа | Да |
| 15 | Јулика Шундовска | Да |
| 16 | Ана Темова | Да |
| 17 | Сашка Тодоровска | Да |
| 18 | Маријана Секуловска | Да |
| 19 | Василка Панговска | Да |
| 20 | Изабела Христовска | Да |
| 21 | Благица Сековска | Да |
| 12 | Ленче Томова | Да |
| 23 | Александра Кацарски | Да |
| 24 | Славица Новеска | Да |

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА АСК ОД 01.01.2021 ДО 24.12.2021 год.

| | |
|---|---|
| **ПРИЛИВИ** | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТ: **4all@ASK** | 61.500,00 |
| ПРИХОДИ ОД ЧЛАНАРИНИ | 20.400,00 |
| ПРЕНЕСЕНО САЛДО ОД 2020 | 186.267,00 |
| **В К У П Н О ПРИЛИВИ** | **268.167,00** |

| | |
|---|---|
| **ОДЛИВИ** | |
| ВРАЌАЊЕ НА ПОЗАЈМИЦА ИВАНА | 110.000,00 |
| НАБАВКА НА АЛАТКИ | 32.130,00 |
| ВЕЈ ГЛОБАЛ-ДОМЕН | 799,00 |
| БАНК.ПРОВИЗИИ | 2.945,00 |
| СМЕТКОВОДСТВЕНИ УСЛУГИ-ЗАВРШНА СМЕТКА | 23.972,00 |
| ДОГОВОРИ НА ДЕЛО-ВАСИЛКА | 2.250,00 |
| ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 2.103,00 |
| ИСПЛАТЕНИ ХОНОРАРИ ЗА ОБУКА ЗА БРАНКО | 21.307,00 |
| ПОДИГНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | 38.561,00 |
| **В К У П Н О ОДЛИВИ** | **234.067,00** |

**268.167 - 234.067 = 34.100 (НА СМЕТКА НА 24.12.2021)**

| | |
|---|---|
| КОПИРАЊЕ И КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ | 3.346,00 |
| СУДСКИ ТАКСИ-НОТАР | 450,00 |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА-ОСВЕЖУВАЊЕ | 904,00 |
| БРЗА ПОШТА | 780,00 |
| ПРЕТПЛАТА-ZOOM | 861.00 |
| ЦЕНТРАЛЕН РЕГ.-ВИСТ.СОПСТВЕНИЦИ | 34.466,00 |
| ВКУПНО ДОСТАВЕНИ ГОТОВИНСКИ СМЕТКИ | 40.807,00 |

**ПОДИГНАТИ МАТ.ТРОШОЦИ 38.561 - 40.807 = -2.246 ДЕНАРИ ЗА ГОТ.ИСПЛАТА**

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2021 ГОД.

**П Р И Х О Д И   81.900 – Р А С Х О Д И   124.067 = ЗАГУБА ОД ТЕК.ГОДИНА  -42.167**

**-42.167 + 76.267 (ПРЕНЕСЕНА ДОБИВКА ОД 2020) = 34.100**

**ЗАБЕЛЕШКА: ДА СЕ ПОДИГНЕ ОД СМЕТКА РАЗЛИКАТА ОД 2.246,00 ДЕНАРИ, ЗА ДА БИДАТ ПРИКАЖАНИ СИТЕ РЕАЛНИ ТРОШОЦИ.**

**ОВАА СОСТОЈБА Е ЗАКЛУЧНО СО 24.12.2021 ГОД.**

**Скопје,27.12.2021 год.**                                **Изработил,Јагода Талевска ШПИРТ КОМПАНИ**

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

## Прилог 1

# АСК Social Club

Спонтано, по иницијатива на Јулика и Жаклина се реализираа две друштвени активности и тоа:

Професионална фото сесија како подготовка за новиот каталог

Работилница „Арт терапија“ за изработка на предмети од стакло

Во овие активности вклучувањето е според можноста, интересот и желбата на членките, а целта е взаемно зближување, дружење и размена на убава енергија.

# СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2022

1. **Проект за обука на нова генерација на GCDF сертифицирани кариерни советници**
   - **Реализирана координативна подготвителна средба на 22.12.2021 на која беа договорени следните термини:**
   - **Отворена ИНФО СЕСИЈА за сите потенцијално заинтересирани кандидати ќе се одржи на 26.01.2022, среда**
   - **Процесот на комплетирање на документацијата ќе трае до 15.02.2022**
   - **Програмата ќе започне од март 2022 и ќе трае 8 месеци**
   - **Во процес сме на дефинирање на сите детали како цена и предавачи, наскоро ќе следува детална информација и кампања за промоција по новогодишните празници**
2. **Реактивација на работните комитети во рамки на АСК**
3. **Подготовка на апликација/и за нови Еразмус + проекти во март 2022**
4. **Подготовка на проектни апликации за отворени повици**
5. **Вмрежување и промоција**
6. **Обуки во организација на АСК**
7. **Редизајн на Каталог на кариерни советници и update на веб страницата**
8. **Зачленување на АСК во меѓународни организации**